# УПАТСТВО ВО ПАКУВАЊЕТО: ИНФОРМАЦИИ ЗА КОРИСНИКОТ
# Norvasc® / Норваск 5 mg таблети
# Norvasc® / Норваск 10 mg таблети

амлодипин

**Пред употребата на лекот внимателно прочитајте го упатството.**
- Чувајте го упатството. Можеби ќе треба да го прочитате повторно.
- Ако имате дополнителни прашања, обратете се кај Вашиот доктор или фармацевт.
- Овој лек Ви е препишан Вам лично и не треба да го давате на други лица бидејќи може да им наштети дури и ако нивните симптоми се исти како Вашите.
- Ако некое од несаканите дејства стане сериозно или ако забележите несакана појава која не е наведена во ова упатство, Ве молиме известете го Вашиот доктор или фармацевт.

**Упатството содржи:**
1. Што претставува Норваск и за што се употребува
2. Што мора да знаете пред да употребите Норваск
3. Како да се употребува Норваск
4. Можни несакани дејства
5. Чување на Норваск
6. Дополнителни информации за лекот

## 1. ШТО ПРЕТСТАВУВА НОРВАСК И ЗА ШТО СЕ УПОТРЕБУВА

Норваск припаѓа на групата лекови наречени калциум антагонисти.
Се употребува за лекување висок крвен притисок (хипертензија) или за одреден тип градна болка наречена стабилна ангина пекторис и за Prinzmetal-ова (нестабилна) ангина пекторис.
Кај пациенти со висок крвен притисок лекот дејствува на тој начин што доведува до релаксација на ѕидовите на крвните садови, така што крвта поминува низ нив многу полесно. Кај пациенти со ангина пекторис, Норваск ја подобрува снабденоста со крв на срцевиот мускул при што тој добива повеќе кислород и како резултат на тоа се превенира градната болка. Лекот не обезбедува моментално ослободување од градната болка кај ангина пекторис.

## 2. ШТО ТРЕБА ДА ЗНАЕТЕ ПРЕД ДА УПОТРЕБИТЕ НОРВАСК

**Немојте да употребувате Норваск ако:**
- сте алергични (преосетливи) на амлодипин или на некоја од помошните состојки набројани во точка 6., или на кој било друг калциум антагонист. Ова може да се манифестира со јадеж, црвенило на кожата или потешкотии при дишењето;
- имате стеснување на аортната валвула на срцето (аортна стеноза), нестабилна ангина пекторис (исклучувајќи ја Prinzmetal-овата ангина) или кардиоген шок;
- сте бремени или доите.

**Бидете посебно внимателни со Норваск**
Информирајте го Вашиот доктор ако имате или сте имале некоја од следниве состојби:
- неодамнешен срцев инфаркт (во последниов месец);

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО СКОПЈЕ

- сериозно покачување на крвниот притисок (хипертензивна криза);
- болест на црниот дроб.

Известете го Вашиот доктор за секоја промена и за други здравствени проблеми, дури и ако за нив се обратите на друг доктор.
Ве молиме да се посоветувате со доктор доколку во минатото сте имале некоја од горенаведените состојби.

**Употреба на други лекови**
Ве молиме да го известите Вашиот доктор или фармацевт ако употребувате или ако неодамна сте употребувале други лекови, вклучувајќи и лекови што се земаат без рецепт.

**Земање Норваск со храна или со пијалак**
Лекот може да го земете пред или по храна или пијалак.

**Бременост и доење**
Ако се сомневате дека сте бремени или планирате да забремените, советувајте се со Вашиот доктор пред да земете Норваск.
Жени во репродуктивен период треба да се осигураат дека користат ефикасна контрацепција.
Не треба да го земате Норваск доколку доите.

**Влијание врз способноста за возење автомобил или управување со машини**
Лекот нема влијание врз способноста за возење автомобил или управување со машини.

## 3. КАКО ДА СЕ УПОТРЕБУВА НОРВАСК

Строго придржувајте се кон упатствата на докторот. Ако не сте сигурни прашајте го докторот или фармацевтот. Лекот земајте го како што Ви препорачал докторот. Дозите не смеете да ги менувате или лекувањето да го прекинувате без да се посоветувате со Вашиот доктор. Многу е важно Норваск да го земате правилно како што Ви е препорачано.
Вообичаена доза на Норваск е една таблета дневно.
Најдобро е таблетата да се зема секој ден во исто време, со чаша вода.
Важно е редовно да ги земате таблетите. Не дозволувајте да останете без таблетите, пред да се видите со Вашиот доктор.
Норваск не се препорачува кај деца под 18 години.

**Ако сте земале поголема доза Норваск отколку што треба:**
Ако сте земале повеќе таблети одеднаш може да се почувствувате лошо. Ако сте земале повеќе таблети Норваск отколку што треба, веднаш треба да се посоветувате со Вашиот доктор или да појдете во најблиската болница.

**Ако сте заборавиле да земете Норваск**
Ако сте заборавиле да го земете лекот на време, земете го штом ќе се сетите. Ако се наближува времето за следната доза, изоставете ја пропуштената доза и земете ја наредната доза како што би требало. Не земајте двојна доза за да ја надоместите пропуштената доза.
**Ако сте престанале да земате Норваск**
Вашиот доктор ќе Ве советува колку долго да го земате лекот. Вашата болест може да се поврати ако престанете да го земате лекот пред да Ви биде советувано.
Ако имате други прашања за тоа како да го земате лекот, прашајте го Вашиот доктор или фармацевт.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО СКОПЈЕ

## 4. МОЖНИ НЕСАКАНИ ДЕЈСТВА

Како и сите лекови и употребата на Норваск може да предизвика појава на несакани дејства кај некои пациенти. Известете го Вашиот доктор **веднаш** ако забележите некој од следниве симптоми по земањето на овој лек. Иако се многу ретки, симптомите може да бидат тешки.

- Ненадејни свирежи во градите, потешкотии при дишењето, отоци на очните капаци, лицето или усните, исип или јадеж (особено ако се јави по целото тело).

Забележани се следните **чести несакани дејства**. Ако кое било од овие несакани дејства трае **повеќе од една недела, веднаш јавете се на Вашиот доктор**:

- главоболка, вртоглавица, сонливост;
- палпитации (срцебиење), вцрвување;
- абдоминална болка, чувство на мачнина (наузеја);
- отекување на глуждот (едем), замор.

Некои несакани дејства кои се пријавени, вклучени се во следнава листа. Ако некое од несаканите дејства стане сериозно, или ако забележите какви било несакани дејства кои не се споменати во ова упатство, Ве молиме да го информирате Вашиот доктор или фармацевт.

**Не многу чести несакани дејства:**

- промени во расположение, сонливост;
- треперење, промени во вкусот, несвестица, слабост;
- нарушувања на видот, ѕунење во ушите;
- низок крвен притисок;
- недостоток на воздух, кивање/течење на носот;
- промени во столицата и варењето, сува уста, повраќање (мачнина);
- паѓање на косата, зголемено потење, јадеж на кожата, црвени дамки на кожата;
- зачестена потреба од мокрење посебно ноќе, неможност да се постигне ерекција;
- градна болка, болка, лошо чувство;
- зглобна или мускулна болка, грчеви во мускулите, болка во грбот;
- зголемена или намалена телесна тежина;
- зголемување на дојките кај мажите.

**Многу ретки несакани дејства:**

- невообичаена појава на модринки и крвавење (оштетување на црвените крвни зрнца);
- тешки кожни реакции;
- зголемен шеќер во крвта (дијабетес);
- зголемена осетливост на кожата, чувство на боцкање, губиток на чувство за болка;
- срцев инфаркт;
- исип;
- надуеност на стомакот (гастритис);
- кашлица;
- воспаление на панкреасот;
- абнормална хепатална функција, воспаление на црниот дроб, жолтило на кожата (жолтица), зголемени хепатални ензими.

## 5. ЧУВАЊЕ НА НОРВАСК

Да се чува под 25°C.
Да се чува на места недостапни за деца!

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО СКОПЈЕ

Не го употребувајте лекот по датумот на истекот на рокот на употреба, наведен на пакувањето. Датумот на истекот на рокот на употреба се однесува на последниот ден од тој месец.
Лековите не треба да се исфрлаат во отпадна вода ниту во смет од домаќинството. Прашајте го Вашиот фармацевт како да ги отстраните лековите кои повеќе не Ви се потребни. Овие мерки ќе помогнат да се заштити околината.

## 6. ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ

**Што содржи Норваск**
*Активна супстанција:* амлодипин.
Една таблета содржи 6,944 mg амлодипин безилат еквивалентен на 5 mg амлодипин.
Една таблета содржи 13,889 mg амлодипин безилат еквивалентен на 10 mg амлодипин.
*Помошни состојки:* дибазичен калциум фосфат безводен, магнезиум стеарат, микрокристална целулоза и натриум скробен гликолат.

**Изглед на лекот и содржина на пакувањето**
Норваск 5 mg се бели осмоаголни таблети означени на едната страна со AML-5 и со Pfizer на другата страна.
Норваск 10 mg се бели осмоаголни таблети означени на едната страна со AML-10 и со Pfizer на другата страна.
Картонска кутија со 30 таблети Норваск од 5 mg во 3 PVC/PVDC блистери.
Картонска кутија со 30 таблети Норваск од 10 mg во 3 PVC/PVDC блистери.

**Начин на издавање на лекот**
Лекот може да се издава само со лекарски рецепт (Р).

**Број и датум на решението за промет**

**Носител на одобрението за ставање во промет**
Септима ДООЕЛ
ул. Сава Ковачевиќ 13 бр.9
1000 Скопје, Република Македонија

**Производител**
Pfizer Manufacturing Deutschland GmbH
Heinrick-Mack-Strasse 35
89257 Illertissen
Германија

**Датум на последната ревизија на внатрешното упатство**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО
СКОПЈЕ